**20241342325**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕНЕРГЕТИКА

Се прогласува Законот за дополнување на Законот
за енергетика,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на јуни 2024 година.

Бр. 08-/1
6 јуни 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕНЕРГЕТИКА

Член 1

Во Законот за енергетика (*) („Службен Весник на Република Македонија“ број 96/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ број 96/19 и 236/22) во член 101 по ставот (9) се додава нов став (10), кој гласи:

„(10) По исклучок од ставот (9) на овој член, ако избраниот, односно назначениот универзален снабдувач ја обезбедувал универзалната услуга до завршување на постапката од ставот (3) на овој член или до донесувањето на одлуката од ставот (7) на овој член, не е должен да основа ново друштво. На постојното друштво му се продолжува постојната лиценца за период согласно со постапката од ставот (3) на овој член односно одлуката од ставот (7) на овој член.“.

Член 2

Во член 237 по ставот (13) се додава нов став (14), кој гласи:

„(14) Носителот на лиценцата за обезбедување универзална услуга ги врши обврските утврдени во лиценцата до денот на издавање на лиценцата на новиот универзален снабдувач од членот 101 став (9) од овој закон.“

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.